балци, број на зграда 1, намена на зграда и друг објект Е1б, со отворена површина од 2334м2, во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-400/2
9 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**193.**

Врз основа на член 41 - а став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 декември 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ВЕЖБАТА „KFOR 33“ ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА**

1. За учество на вежбата „KFOR 33“ која ќе се одржи во Сојузна Република Германија, во период од 28 јануари до 18 февруари 2024 година, се испраќаат 32 (триесет и двајца) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).
2. Финансиските трошоци за сместување, исхрана и транспорт на припадниците на Армијата ги обезбедуваат Вооружените сили на Соединетите Американски држави, а трошоците за дневници и патничко осигурување на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија ги обезбедува Министерството за одбрана.
3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.
4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-471/3
9 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**194.**

Врз основа на член 41 – а став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО НАТО ОПЕРАЦИЈАТА „КФОР“ ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО**

1. Во Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 226/23), во точката 1 зборовите „31 (триесет и еден) припадник“ се заменуваат со зборовите „34 (триесет и четири) припадници“.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-491/3
9 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**195.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари-канцелариска опрема и мебел, кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Решението за расходување на движни ствари во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија бр.03-260/4 од 22.11.2023 година, донесено од страна на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-498/2
9 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**196.**

Врз основа на член 42 став (16) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23 и 253/23), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 јануари 2024 година, донесе